# „Зарем сметате дека тој што аџиите со вода ги напојува и кој води грижа за Светиот Храм е еднаков со тој што во Аллах и во оној свет верува...“ (Ет-Теуба, 19) – до крајот на ајетот.“

Нуман бин Бешир, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува: „Бев кај минберот на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Еден човек рече: ‚Не ми е важно да не правам никакво дело по исламот, освен да ги напојувам со вода аџиите.’ Друг рече: ‚Не ми е важно да не правам никакво дело по исламот, освен да го одржувам Светиот Храм.’ А трет рече: ‚Џихадот на Аллаховиот пат е подобар од тоа што го рековте.’ Па Омер ги укори и им рече: ‚Не ги кревајте вашите гласови кај минберот на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем – а тоа беше во петочен ден. Откако ќе го клањам џума намазот, ќе влезам и ќе го прашам за тоа околу што се разидовте.’ Тогаш Севишниот Аллах објави: „Зарем сметате дека тој што аџиите со вода ги напојува и кој води грижа за Светиот Храм е еднаков со тој што во Аллах и во оној свет верува...“ (Ет-Теуба, 19) – до крајот на ајетот.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Нуман бин Бешир, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува дека седел кај минберот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, кога слушнал еден човек како вели: „Не ми е важно ако по исламот не направам ништо друго, освен да ги напојувам аџиите со вода.“ Друг рекол: „Не ми е важно ако по исламот не направам ништо друго, освен да го одржувам Светиот Храм.“ А трет рекол: „Џихадот на Аллаховиот пат е подобар од тоа што го рековте.“ Тогаш Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, ги прекорил што ги креваа гласовите кај минберот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем – а тоа беше едно петочно утро. Па им рече: „Отакако ќе клањам џума, ќе влезам и ќе го прашам Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, за тоа во што се разидовте.“ Тогаш Возвишениот Аллах го објави ајетот: „Зарем сметате дека тој што аџиите со вода ги напојува и кој води грижа за Светиот Храм е еднаков со тој што во Аллах и во оној свет верува и кој на Аллаховиот пат се бори? Тие не се еднакви пред Аллах. А Аллах нема да им укаже на Вистинскиот пат на тие што самите си прават неправда.“ (Ет-Теуба, 19)

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee